РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА РАДОВИШ
Бр. 09-91/4
22.01 2025 год
Радовиш

Согласно член 52 од Законот за административни службеници (Сл. Весник на РМ бр.27/14,199/14,48/15,154/15,5/16 и 142/16 , 11/18 и Сл.весник на РСМ бр.275/19,14/20,215/21 , 99/22 и 208/24 ) ,Секретарот на Општина Радовиш донесува:

# О Д Л У К А
## за избор за унапредување на административен службеник по интерен оглас број 1/2024

1. Кандидатот **Роберт Донев** се избира за унапредување на работното место- УПР0101В01000 **Советник за социјална заштита и заштита на децата** во Одделението за јавни дејности и општи работи/Сектор за нормативно-правни,јавни дејности и општи работи во Општина Радовиш.
2. Оваа одлука ќе биде објавена на веб страната на Општина Радовиш.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

-Општина Радовиш објави интерен оглас број 1/2024 (архивски број 09-1853/1 од 30.12.2024 година) за пополнување на погоренаведеното слободно работно место преку унапредување.
-Од извршениот увид во Записник од извршена административна селекција за интерен оглас број 09-91/1 од 21.01.2025 година составен од Комисијата за селекција за унапредување се констатира дека за погоренаведеното работно место административната селекција ја поминал избраниот кандидат Роберт Донев со освоени 4,85 бодови во прва фаза од селекцијата .
-Од извршениот увид во Записник од работата на комисијата за селекција за унапредување на административен службеник заради спроведување на интервју број 09-91/2 од 21.01.2025 година се констатира дека избраниот кандидат освоил 25 бодови од спроведеното интервју .
-Од извршениот увид во финална ранг листа на интервјуираните кандидати и предлог одлука за избор на прворангирани кандидати се констатира дека кандидатот Роберт Донев се предлага за унапредување на работно место – Советник за социјална заштита и заштита на децата .
-Од тие причини се одлучи како во диспозитивот на оваа одлука согласно член 52 од Законот за административни службеници.

**Поука за правно средство**: Против оваа Одлука е дозволена жалба во рок од 8 дена од денот на објавувањето на веб страната на Општина Радовиш до Агенцијата за администрација.

составил/Емилија Тамакарова
контролирал/Петар Поп-Лазаров

С е к р е т а р,
Љупче Почивалец

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
„УПРАВЕН ОРГАН"
ОПШТИНА РАДОВИШ